**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второ продолжение од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11.43 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по 98-та на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов-Ѕинго, Веле Митановски, Горан Мисовски, Фијат Цаноски, Надица Тулиева Танчева, Гоце Марковски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Кенан Хасипи, Хади Незири, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчњата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 42 пратеници од вкупно 70 пријавени го искористија правото преку системот да се најават, би ги замолил пратениците да ги завземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се уште немаме доволен број пратеници за да ја започнеме седницата, затоа ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кон амандманите пратеникот Анета Стефановска, се приклучи и пратеникот Цветко Грозданов.

Претресот по амандманот на член 2 став 1 за додавање две нови точки 23 и 24 по точката 22, поднесен од пратениците Тале Герамитчиовски и Славица Грковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеници, гласаа 51 пратеник, за гласаа 12, воздржано нема, против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 26 по точката 25, понесен од пратениците Бесим Догани и Гарип Каба.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Се работи за амандман кој е дефиниран по една специфика која ја имаме во Република Македонија за приватен Универзитет односно приватна јавна непрофитно високообразовна организација. Со ова се допрецизира тоа што веќе постои во законот и амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 алинеја 7 и за додавање нова алинеја 9 по алинејата 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нова став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандман го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 51 пратеник, од нив 7 гласаа за, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 5, поднесен од пратениците Бесим Догани и Гарип Каба.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен  од страна на Владата и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Теура Арифи, Агрон Буџаку, Адан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:**  Ви благодарам господине потпретседателе.

Најнапред искажувам задоволство за усвојувањето на двата претходни амандмани, за кои нормално и јас имав свои забелешки и мислам дека прашањето се расчисти во овој Предлог закон. Но, кога се говори за членот 22 став 2 сакам да ги нагласам причините зошто го предложив овој амандман. Реков и во моите забелешки во Комисијата, но и вчера на моето излагање дека јас искрено мислам дека научните институти кои не се во состав на универзитетите навистина би било добро да немаат право да одвиваат студии во втор и трет циклус. Ова го велам од една едноставна причина. Доколку внимателно се видат член 16 став 1 каде говори за високо образовни установи, јасно се гледа дека како високообразовни институции се Универзитетите и Високите стручни училишта, што ни дава да заклучиме дека научните институции, говорам за научни институти кои не се во состав на универзитетите, не се смета или не можат да се третираат како високообразовни уставнови. Ова е една причина зошто јас мислам дека овој амандман кој го предложив треба да се усвои. Благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Јашари.

Збор има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам потпретседателе.

Како ДУИ ги поздравуваме прифатените амандмани од Министерството за образование и наука и од овој аспект за амандманите кои сме ги предложиле ние како парламентарна група, значи научните институти, кои кога ќе ги споредиме, на пример како факултетот или универзитетот одвива еден наставен или научен процес во квалификацијата на кадрите кој сака да дипломира и понатаму продолжува вториот циклус на постдипломските студии во оваа насока има факти и аргументи со кои има научни установи кои  институти каде многу кандидати одат во постуниверзитетски студии, но нивната план-програма која постоеше некореспондираше со план-програмата која ја одвиваше Универзитетот. Често пати да кажам доаѓаше до судир на програмските ставови кои ги имаше Универзитетот од една страна, за тоа дека за своите план-програми на постуниверзитетските студии ги имаше и овој научен институт. Такви имаме многу случаи во Република Македонија и мислам дека доколку дојде до гогласноста на план-програмите кои се одвиваат постуниверзитетските студии каде се одржува образованата настава исто така траба да биде истото и во овие научни институти. Не случајно нашата парламентарна група интервенира преку овој амандман, во вториот став од член 22 не е добро дефинирано, на пример, како ќе бидат план-програмите во научните институти и дали ќе бидат во согласност со план програмите од универзитетите или од факултетите и врз основа на тоа на еден начин имаме сомнеж како ќе биде меѓусебната конкуренција доколку немаат квалитет на своите програми и аспектот на студирањето, како што е на пример, во конкретниот случај на факултетите по нашите универзитети. Затоа, поднесовме амандман и мислам дека ќе се прифати од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министре јас не сум предлагач на  амандманот, но ако внимателно се погледне членот 22 кој што и во претходни верзии можеби во законот стоел во ваква форма, има една нелогика која што во пракса може да се изроди во опасен преседан. Јас сега ја користам оваа прилика да ви кажам карикирано некои случаи што може да се случи. Нема логика сега, затоа што сте интервенирале дека самостоен факултет надвор од Универзитет не може да егзистира. Може висока стручна школа, но не самостоен факултет надвор од Универзитет. Ако е тоа така значи научните институции кои ќе бидат регистрирани според Законот за научна истражувачка дејност и ќе добијат согласност од Министерството и Владата за вршење на дејсноста, ќе можат да вршат и втор и трет циклус на студии. Значи, тоа е на мала врата внесување на можност всушност да постојат факултети надвор од Универзитетот, што е уште полоша варијанта, бидејќи се нарушува континуитетот што првиот циклус на студии нема да постои во него. Значи, ова беше вметнато во претходните варијанти тогаш кога сакавме да се направи некоја рационализација на научните институции по нивна иницијатива да сакаат некои научни институти да егзистираат приватно надвор од системот, да не бидат буџетски финансирани, а сепак да вршат научно истражувачка дејност. Ви се молам научна дејност и високообразована дејност не е исто. Факултетите односно универзитетите ги вршат двете дејности, ама ако забележите кај приватните факултети, односно универзитети не постои научноистражувачката дејност. Не во онаа форма која што постои или е со традиција кај државните.

Јас би замолил да размислите дали постои простор за вакво нешто, бидејќи на мала врата ќе можат да се регистрираат за вршење на другата дејност, користејќи го овој член.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакала да му реплицирам на колегата Тале Герамитчиоски.

Мислам дека на некој начин се врши замена на тези. Желбата и можноста да има трет степен на студирање на научните институти воопшто за мене не занчи дека на мала врата се внесува некакво вонинституционално делување во сферата на образованието. Тие научни институции постојат со децении. Таму има многу научен кадар високообразуван, високостручен кој што самиот е доволно спремен да врши едукација и пренесување на своето знаење на други генерации. Дури мислам дека би било штета тоа да се забрани. Мислам дека не постои никаква можност или опасност од несовпаѓање со програми. Напротив, мислам дека ќе дојде до збогатување на програмите и интердисциплинарност во програмите. Се разбира за тоа постои Министерството за образование и наука, постојат други институции кои ќе вршат проверка за акредитација за одредени студии на било кој степен на било која институција што е за тоа регистрирана. Значи, тоа усогласување на програмите има начин како да се контролира и како да се следи. Но, би било штета да се забрани и да се спречи пренесување на знаење од тие високостручни лица на помлади генерации. Јас напротив, го поздравувам овој потег и колку што се сеќавам господине Герамитчиоски како што и самиот кажавте, тоа беше едно време и ваша заложба да се исползуваат тие кадри во функција на науката. Значи, мислам дека тезите некако не ви се конзистентни. Освен тоа и во други земји колку што јас знам постојат високо научни институции кои што вршат ваков вид наука. Апсолутно сум за подршка за она што Владата го предлага во овој случај. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Погледнете го другиот амандман, ќе видите дека мојата заложба останува иста. Дури ја вклучувам и МАНУ во овој дел. Прочитајте го вториот дел, вториот пасус на членот. Овде станува збор за научни институти, кои што не се во состав на Универзитетот, или се приватни, во кои што во моментот нема такви во Република Македонија. И можна е злоупотреба при регистрирањето, бидејки во законот е забрането да има приватни факултети. Може да има приватни универзитети, ама не може да има приватни факултети.

Сега, наместо приватни факултети, ќе се регистрираат како приватни научни институции, кои што ќе си вршат студии, од втор и трет циклус, а од првиот циклус нема.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Јас господа пратеници сакам да се вклучам, поврзано со амандманот и со овој член, затоа што е еден од суштинските за кои што може да се каже дека на некој начин ги определува принципиелноста на пристапот кон решавањата што овој закон треба да ги нуди и решенијата што овој закон треба да ги нуди, во однос на некои стекнати состојби, моментални состојби и во однос на тоа што е принцип на организација на високото образование, врз база на Болоњските претпоставки.

Вчера колегата Шутаров зачна, иако немавме време да одговориме целосно, дека една од најбитните и најсуштествените заложби на сите документи кои што ја дополнуваат првобитната Болоњска декалрација, посебна е идеата за поврзување на образованта со научната компонента. Тоа е направено господа пратеници, поради фактот што со Болоњскиот процес е како еден од инструментите за реализацијата на Лисабонската заложба од 2000 година преку образованието европската економија да постане научно базирана и по компатибилно, како што се вели во свето. Се темели врз оваа заложба образованието со науката да биде поврзано и како цикслус на студии да дадат придонес кон целокупниот економски развој во општеството. Тука сега со законот се прави еден мислам, не до крај јасен, но сепак, прифатлив обид да се пристапи кон овој универзитет. И се дефинира дека правен субјект може да биде само универзитет, а од друга страна се остава дека релациите на Универзитетот со факултетите може да се уредуваат со статут, што е една опортуна ситуација, но сепак прифатлива за да се каже дека сепак веќе пристапуваме кон интегралниот Универзитет. А со овој член сега, сакате вие да признаете или не, одиме во спротивна насока. Апсолутно е во спротивна насока, затоа што се оделува, му се дава право на институт да организира студии во втор и во трет циклус, без тој да има право да го организира и првиот циклус, што значи поделба на образовната со научнаната компонента, како што е докторатот на крајот. До сега овие институти имаат право, врз основа на договори со универзитетите, каде што тие беа членки да организираат и да бидат дел од докторските тези, затоа што докторските тези веќе не беа докторски студии, туку беше менторски тип и тие на некој начин имаа право и можности да си приуштат на себе тоа да го организираат. А во моментот, кога докторатот постанува дел на

докторски студии, тогаш, мислам дека многу е тешко да се признае ваков акт и како што реков зашто многу е тешко да се организира, затоа што како што реков е и поделен од образовната и научната компонента. Тоа е едно.

Второ, ова другото што сега се дава и магистериум, јас знам и можам да ги сфатам и тие што наметнале вакво решение, што сакаат да легитимираат една состојба која што е сега, каде што институтите без или со право на некој начин, во неможност да се вклучат целосно во универзитетските текови преку една мала врата, како еден компромис им дозволиле подолго време да организираат и магистарски студии. Тоа е една практика, која што без законска основа, но, како модалитет за избегнување на конфликотот се дозволило. Сега правиме решенија кои што мораат да се во согласност со Болоњската декалрација. Јас сум свесен дека ова е наметнато од одредени кругови кои што сега сакаат да легитимираат одредена практика, која што е во Република Македонија. Но, дали правиме добро и дали сме принципиелни во оваа насока. Ние укинуваме факултети, како единствени субјекти за да им помогнеме на идеата за интегрален Универзитет, дури не дозволуваме тие да се регистрираат како единки, како самостојни восокообразовни институции, а од друга страна дозволуваме нешто што им припаѓа повеќе на факултетите. Значи магистриумот има повеќе образовна базично-истражувачка претпоставка, не е чиста наука, туку отворање на можности и канализација на знаењата према методите за научно-истражувачка дејност, значи повеќе му следува на факултетот, отколку на иснтитутот.

Од таа гледна точка, прашање веројатно на концептот и на концептот на Владата, дали ќе правиме решенија, кои што ќе ја следат логиката на интегрален универзитет и поврзување на науката со образованието, што на некој начин е срштa на Болоњскиот процес, или ќе легитимираме одредени состојби кои што сега ги имаме вакви во Македонија и ќе почитуваме, тие да ги оставиме такви и да продолжат да животараат и тие ќе постанат, сакале ние или не, паралелни образовни институции на веќе постојните, што не е добро.

Тоа што го рече господинот Герамитчиоски може да служат и како можности за поинакво пристапување кон организација на високо образование. Мислам дека веќе се сака да се легитимираат некои состојби, кои се во спротивност со идеата и со духот кој што го промовира и Болоњскиот процес, а и законот во целина. Зато амислам дека се прави пропуст ако тоа се дозволи и тоа е спротивно на Болоњската декларација и на заложбата на самиот закон во однос на идеата за интегрален универзитет. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе, јас навистина мислам дека ако добро ги слушнавме колегите има еден многу голем сериозен вакум во делот на научниот институт кој не е во состав на Универзитетот, а ќе може да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус во рамките на научната област.

Што се случува сега? Да кажеме на факултетите имаме научни институти. Тие до сега беа акредитирани да држат докторати, односно од типот на таканреченото менторство. Сега со новиот закон, тоа ќе бидат студии од три години и согласно Болоњската декларација, но ова е такво отстапување што, да речеме во овој момент, ако добро памтам, Институтот за фолклор, мислам дека доби акредитација за држење на докторските студии, како институт, меѓутоа, Институтот за македонски јазик, кој и те како го организира и го проучува македонскиот јазик, тие во последниве три години се зафатија за шесттомното анализирање на толковниот речник на македонскиот јазик, несакајки да навлезат во проблематиката која исто така го тангира Филолошкиот факултет, катедрите на Филолошкиот факултет не се обидоа да се акредитираат при Министерството за образование и наука и тоа го направија многу чесно, да не прават докторски студии, како Институтот да речеме за социологија, само за тоа да не го нарушат она што го прави Филолошкиот факултет. Со овој амандман, тоа што го говореше колегата од ДУИ и колегата од СДСМ колегата Герамитчиоски има еден миг во кој ќе можат 6 добро организирани професори да си организираат институт, да си регистрираат институт и тој институт да може да се акредитира за втор степен и за трет степен студии, кои ќе бидат три години. Не знам дали ќе бидат во можност да имаат таков профил на професори, да можат три години да се појават, или пак до донесување на законот тоа ќе го прават во вид на менторство, бидејки ние не сме подготвени. И за докторските студии да имаме три години. Еве да речеме, Филозофскиот факултет не е подготвен веднаш да го имплементира законот за тригодишни докторски студии и небаре, простете ми на изразот Академија Леонтиќ за фризерај, ќе можат несакајки ако добијат диплома за вршење на овој вид студии, тие ќе можат вон Болоњската декларација да даваат диплома за докторат, или за магистериум. Но тоа не е натпревар на научните институции и тоа не е натпревар на научен институт. Можат да влезат приватни единки да се регистрираат и да настане какафонија во образовниот систем.

Уште еднаш да повторам, што е тоа што беа главните пораки на Болоњската декларација. Вие знаете дека со Болоњската декларација дека цела Германија имаше сериозен проблем. Дека сеуште имплементацијата на Болоњската

декларација не е секаде добра. Дека сеуште има сериозен вакум.

Значи, создавање на европско високо образование и пораст на натпреварот, зошто ние го воведовме кредит-трансфер системот, зошто сега имаме пораст на студиите на магистериумот и три години на докторатот. Само заради натпревар на високата интелектуална моќ и сила, министрите се договорија да ги координираат своите политикиза високо образование и да создадат европско образование со следните 6 цели: Создавање систем лесно разбирлив, со споредливи завршени степени за користење на диплома, за да се унапреди способноста за работа на граѓаните од Европа и способноста за натпревар на европскиот високообразовен систем. Воведување на студиски систем кој врз основа ќе се базира на два студиски правца, а тоа е, додипломските студии да траат најмалку три години, а завршната диплома е предуслов за запишување на постдипломски академски студии.

Првата диплома треба да биде квалификација за работа на европскиот работен пазар. Ако ние ги стегаме и ако правиме поголем степен на високообразовна моќ на универзитетите, со овој амандман ќе го симнеме тоа. Ќе ни се случи еден сериозен вакум и јас отприлика, точно како што кажа и колегата од ДУИ, точно знам кој го има наметнато ова како барање, да може лесно да магистрираат, да докторираат и она што го правеше Свети "Кирил и Методиј" до сега, ја потхрануваа научната мисла со доктората и со магистериуми и сега истите тие ги потхрануваат приватните универзитети, наместо приватните универзитети да си создаваат свои научни дисциплини, научни институти, сеуШте Свети "Кирил и Методиј" ги храни приватните универзитети. И ќе се случи сега после овој закон да ни бегаат професорите од Свети "Кирил и Методиј", а се полесно да се запишуваат студенти на приватните универзитети, а немаат сеуште создадено генерации на магистри и докторанти.

Затоа мислам, многу внимателно да се прочита овој амандман и јас ќе гласам за ова што го кажуваат двајцата колеги, да не се случи вакум. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоќо Божиновска.

Господине Положани, вие се јавивте за реплика или за збор? (За збор)

Господине Герамитчиоски за реплика или за збор? (За реплика), повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас сакам да кажам дека со останувањето на вториот пасус на овој член кој што постоеше и во претходните верзии, ама се изменија другите околности, ќе настанат големи проблеми. Праксата тоа ќе го покаже. Настаната е една трка во Република Македонија во која што стекнувањето на научни титули е на широка врата отворено.

При немање на доволно изградени механизми за контрола на квалитетот на овој процес, а министерот добро знае дека на последните министерски средби постојано се заговара создавање на регионални агенции за евалуација, кои што со меѓусебна размена вкрстено ќе се обидат да си го контролираат квалитетот на овие простори, бидејки европските држави се во некоја паника за права инфлација на дипломи на магистерски и на докторски титули. Значи, на овој начин, јас не велам дека тоа може да се случи, но изместена е конотацијата со вметнување на други членови во законот во кој што приватен факултет не може да егзистира. А приватна научна институција, која што ќе обавува меѓу другото и друга дејност високообразовна, постои. Нема логика, јас не сум амблок. Еве нека стои тоа. Јас имам и друг амандман дадено за појачување со научни установи, со МАНУ, не само научните институции, но со тој факт што научните институти, ако се основаат, се основаат по друг закон, по закон за научна истражувачка дејност во кој што примарна му е научно истражувачката дејност и уште повеќе, ние имаме друг Закон за поттикнување на технолошки развој, кој што вие го повлековте, не знам од кои причини беше со европски предзнак. Имаат неограничена можност научните институции, па и приватните да создаваат други центри, иновациони центри и центар за трансфер на технологија и други работи, имаат и други можности, се поставува едно прашање зошто тие сакаат да се вклучат во вториот и третиот циклус, а првиот циклус го прескокнуваат. Да, тие имаат дипломирани професори и научни работници кои што можат да бидат ангажирани во универзитетите. Но зошто тие се заинтересирани живо за оваа друга дејност, која што не им е од примарно значење.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор госпоѓа Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, во однос на членот 22 став 2 од Предлог законот за високо образование, кој ја укажува можноста на научниот Институт, кој не е во состав на Универзитетот да може да врши високообразована дејност од втор и трет циклус и за сето ова, оценувам дека е во непосредна спротивност со членот 16 од овој Предлог закон, во кој јасно се дефинираат високообразовни установи за втор и трет циклус. На овој начин се дава можност институциите кои не се во рамките на Универзитетот, да можат да вршат наставно-научна дејност,која не е во согласност со концептите на дејноста на високо интегрирана образовна дејност. Установата која врши настава од втор и трет циклус, пред создавање на кадар треба да помине низ процесот на рецензија кој може да се оствари само во рамките на Универзитетот.

Затоа, мислам дека овој став од член 22 не треба да постои во овој Предлог закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Селмани.

За збор се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас и вчера реков дека овој закон е закон кој што задира во интересите на многу слоеви и многу сегменти во општеството и кој што на некој начин живее и затоа мораме на некој начин да гледаме како да ги вклопиме и постојните интереси и интенции.

Во тој дух, јас сепак, несакајки да го образложувам тоа што го реков, да се повторам.

Имам еден конкретен предлог што би бил во функција за надминување на оваа состојба што, очигледно господо пратеници, е во спротивност и со духот на Болоњскиот процес и со Законот, а од друга страна на некој начин се импонира како потреба поради некои состојби во образованието, каде што институциите веќе организираат, како што реков поради некои причини, магистерски студии што сега треба да бидат на друг начин организирани. Сега е идеата како да јнајдеме некоја варијанта што би можела да биде принципиелна а и ним да им се реши состојбата.

Јас мислам дека има решение, а решението би било следно, бидејеки Владата го прифати амандманот за можност за јавно приватно партнерство во креирањето на односите во високото образование, подобро е да овозможи и факултет да биде една од самостојните високообразовни институции, како единка, па потоа да се даде право и на првиот степен, тоа значи факултетот да има право и на прв степен, втор и трет, па потоа врз база на амандманот што го прифативте, ним утре да им се овозможи нека ги организираат трите циклуси. Нека се определат како самостојна високообразовна институција, како факултет, значи институт. Јавниот дел ќе биде тоа што е инвестиција до сега, до таму, во тие институции, приватните, самите од сега приватно нека продолжат.

Во тој контекст да се овозможи од почеток, ако веќе сакаат да имаат два степени, нека имаат три, нека се регистрираат како факултети, но да продолжат како приватни.

(Дофрлање од место дека не можат)

Можат, зошто не можат? Затоа велам дека треба да се прифати амандманот за приватен факултет. Затоа реков освен Универзитетот и виската стручна школа да биде прифатена како институција и приватниот факултет за тие да почнат, институтите да стануваат, по принципот на јавното приватно партнерство факлутети и после нека имаат три нивоа. Не две нивоа, што е спротивнона логиката. Тие три нивоа, да нема обврска државата да ги инвестира, да ги финансира, туку самите нека се оделат, а придоенс на државата нека биде тоа што тие до сега се едуцирани, имаат некој простор и т.н., може да им се даде концесија на тие простори што се сега. Ако скаат да развиваат три циклуси на образовна и научна деност, нека бидат како приватни. И тие, како такви, ако допуштиме во Законот да има и факултет, освен универзитетот, сосема легитимно ќе си ја развијат својата дејност врз принципите и на Законот и на Болоњската декалрација.

Во овој случај мислам дека тоа би било најдоброто решение, поради фактот што се воспоставија некои околности и со амандманите и со Законот што може и ним да им служи навистина за консолидација врз база на истите принципи на кои е секоја високообразовна институција. Тоа е предмет на размислување. Знам дека можеби не е предмет на моментално решение. Ако треба нека се консултира и министерот, но мислам дкеа најдобриот начин да се реши ова на принципиелен  начин, е токму ова.

Инаку, ако тоа се прифати, на тој начин како што е сега, а тоа е предмет на политика на една Валда, но последиците веројатно после ќе ги имаме и под други основи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

За реплика се јави господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарамг господине потпретседателе.

Сакам да укажам дека тоа што се кажува од страна на нашите колеги, ние од ДПА имаме агенда за институционализирање на албанскиот живот во Македонија. Ние сме основале неколку институции што, навистина, се соочуваме со отсуство на кадар, па во оваа насока имаме проблеми бидјеки немаме соодветни кадри за многу институции.

Сега правиме споредба помеѓу некои институции што овозможиле да се создадат кадри, да се здобијат со научна титула, особено Институтот за албански јазик во Приштина, кој создаде кадар за да се создаде научен амбиент во својот институт. Ние имаме еден институт, многу нов, спореден со тој во Приштина е многу сличен, а тоа е Институтот за културно наследство на Албанците во Македонија, каде што навистина имаме проблем поради немање доволен кадар. Законот овозможува да се создаде еден таков научен амбиент за да се здобијат со титула. Ние ќе создадеме центар за артефатки во Гостивар, а кадрите треба да биде од тој калибар што ќе управуваат со таа исцтитуција, особено да се даде титула на луѓето  кои работат на научни истражувања. Тоа не е нешто што не води назад.

Ние како партија го подржуваме законот, а во оваа насока треба да бидат и критиките на колегите, да се повлечат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Господине Матоши,

Ве уверувам дека се што предлагаме, посебно во овој сегмент е во функција на подобрување на законот и создавање услови врз начелни основи да донесеме добар закон.

Ова не е во однос на одредени сегменти од оваа или друга природа. Тоа што го говоревте вие, фактички е далеку од мтеријалната расправа што

се одвива во однос на ова прашање. Но, до колку се решат начелно прашањата и до колку се создадат структури врз основа на законот за што веруваме дека ќе се создадат, секој ќе може да има полза. За ваша информација, во институтите не се даваат наставно-научни звања. Можат да се повторат во други установи. Тоа не е во кокизија со вашите идеи и вашиот придонес што сакате да го дадете. Вие правите само добри работи и во таа насока нема никакви проблеми.

**Бесим Догани:** Реплика има госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Научниот институт за духовно наследство на Албанците е работа што, согласно како се основаат научните институти, ќе мора да постои извесен период. Ова е колизија, не се однесува на членот 22.

Значи, за да можат колегите да одат и да магистрираат на тој институт, ќе треба претходно да има професори, доктори кои ќе ги подготват стручните студии за магистериуми и докторати, па тие ќе бидат акредитирани од страна на министерот, ќе бидат проследени и ќе може. Не се работи за членот 22 господине Ружси Матоши.

Но, добро, не ме слушате, сеедно.

Тој Научен институт е поеднаков на Научниот институт за македонски јазик, за социолошки и политички истражувања и т.н. нема да може да дојде човек кој претходно не поминал како демонстратор, помлад асистент, асистент, кој вложил во својата работа и е согласно Болоњската декларација, се стекнал со тие дипломи, па ќе може сега не знам од каде да дојде на магистериум да ја добие титулата магистер или докторат. Разговараме за две тотално различни работи.

Јас имам едно друго многу интересно прашање. Согласно овој закон, имаме доделување на една титула што е во согласно со Болоњската декалрација, а тоа е титулата емиритус и се дава на колегите редовни професори во пензија, но не повеќе од 5% кои се во високообразовната дејнсот на факултетот, на универзитетот.

Просто гласно размислував, почитуван министре, дали ќе можат 5 со такви титули, професори, да направат научен институт, да добијат акредитација и тие утреден да вршат магистериум, студии од втор и трет степен? Тоа ќе може да се случи една таква коализија, така?

Добро, благодарам, тоа ми беше прашањето.

Во однос на ова, бидејки може да се случи, може, како професор во пензија ја добива титулата, а таму во Законот стои дека тој може да држи студии од трет степен, но исклучиво во високообразовната институција. Бидејки тука имаме и надвор, што ако 5 такви професори си конституираат еден научен институт и си направат област, да можат да дадат барање за студии за трет степен, за докторат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Збор има министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Едно кратко објаснување.

Ја сваќам грижата на некои пратеници дека е можно да се остват можности за организирање на мастер и постидпломски студии во разни институти и со тоа критериумите би можеле да не бидат потребните. Меѓутоа, јас ве уверувам дека токму во овој Предлог на закон, предложени се некои мерки и критериуми и мерила што ова ќе го спречат.

Не може, како што кажа почитуваната колешка Божиновска петтмина да се организираат и да организираат мастер и докторатски студии. Се знаат кои се критериумите и тоа се истите критериуми, половина од потребниот кадар, за да се акредитира една студиска програма, без разлика дали е бечерел, мастер или постдипломски, треба да бидат половина вработени во истата исnтитуција за да можат да организираат.

Само на кратко ќе ви објаснам што можност даваме со овој Предлог. Знаете дека во Република Македонија има еден Институт кој важи за перфектен центар, не само во регионот, тоа е Институтот ИЗИС. Ова ќе го спомнам само за компарација.

Со ова им овозможуваме на институти, што имаат некои специфики, некоја традиција, кои вршеле образовна дејнсот, да имаат можност да вршат образовна дејност. Секако дека критериумите ќе важат. Мора да се земе акредитација од Одборот за акредитација за секоја студиска програма што ќе сака да се акредитира.

Ве уверувам дека нема никаква потреба од грижи дека со ова критериумите ќе паднат. Ќе важат истите правила за секои други студиски програми и нормално критериумите во акредитацијата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Има збор за реплика господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер,

Оваа дебата ја водевме со вашиот заменик на Матичната комисија во неколку наврати инеофицијално.

Ако ИЗИС е причината на мала врата да постои можност да се отворат можни злоупотреби во оваа дејнсот, тогаш ИЗИС, кој важи за една од најреномираните институции, центар оф екселанс, како што кажавте, не е проблем преку друга форма да се внесе тоа во законот. Бидејки до скоро ИЗИС беше дел на државните научни институции и нема никаков проблем да се изнајде друга форма според која ИЗИС може да ја остварува таа дејност.

Овде се поставува едно суштинско прашање за можна злоупотреба. Можеби сме параноични, можеби нема тоа да се случи, но познавајки го досегашното искуство во Република Македонија

во кое што на голема врата се даваат акредитации на институции за вршење на трите циклуси на образование што по Закон немаат право и Одборот за акредитација не дава согласност, има негативно мислење и тоа писмено го иамме, оправдани се нашите стравувања дека на мала врата е можно да се отворат, во некоја завиена законск аформа, злоупотреби во оваа дејност.

Значи, ИЗИС не може да служи како изговор за постоење на вакво нешто. ИЗИС може да си го најде местото и во другите форми на членови на Законот, ве уверувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Имајќи ја предвид сериозноста на проблемот би сакал да објаснам за следново:

Мојот мотив не е од гледна точка на загриженост. Напротив, јас мислам дека треба да се држиме во законот до принципите што Болоња ги има дадено и самиот Закон е насочен. Во спротивност, ќе иам дупли стандарди за некои институции.

Затоа, во светлината на тоа што Валдата прифати еден амандман што овозможува приватно јавно партнерство и поради потребата да ние инсистираме не само висока стручна школа и универзитет да бидат институции на високото образование, туку да се дозволи ифакултет. Зошто не, кога ги исполнува. Во тие околности, јас попрво би дал право на високообразовна дејнсот за сите три степени на постојните институти, отколку на некои факултети што би се оформиле или универзитет со три професори од таму, три од таму и три од таму. Затоа што постојните иснтитути имаат пвоеќе капацитет и се поподготвени, врз основа на нив да се заснива институција што утре може да биде факултет. Ако тие сакаат да организираат и прв степен, тоа ќе го прават на приватна основа.

Значи, државата не треба да ги финансира. Државата ќе го финансира само делот што ќе го оцени како јавен интеес. Така што во овој дел, дозволувајќи факултетот да биде една од можните институции во рамките на можноста што ја дава јавното приватно партнерство, ќе имаме не институт или тие кадри, вклучувајќи го и ИЗИС, со можност да организираат втор степен и трет степен циклуси за да се одржи принципот на поврзаност на образованието со науката.

Од таа гледна точка мислам дека аргументите се на оваа страна и без разлика на околностите што се нудат, мислам дкеа не стојат сите аргументи што се во заштита на сегашната состојба. Сегашната е изнудена и не е законски уредена. Туку, како што реков јас беше производ на едни околности што подолго време се влечеа во високото образование. Затоа мислам дека треба сериозно да се пристапи кон можноста да се прифати амандманот, да има и факултет, како самостојна институтите да бидат потенцијални институции кои утре ќе можат да пристапат кон приватно јавно партнерство, каде што, ако сакаат да оргнизираат и прв степен студии тоа да го направат на приватна основа, врз основа на можностите на Законот.

Ќе повторам, се дава акредитација на институција базирана врз институт што и онака има капацитети, отколку на некој сосема нов институт, факултет или универзитет каде што на некој начин знаеме дека има повеќе прибирања на професори, доценти од лево-десно отколку што има изворни од самите себе си. Институтите се солидна основа за креирање на идни високообразовни или мешани високобразовани институции.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Јаневска вие баравте реплика или збор.

Реплика, повелете имате реплика, три минути.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Апсолутно сум согласна дека институтите можат да вршат настава од втор и трет степен и дека би можеле да вршат настава од прв степен. Тука не гледам дека има некаква пречка. Ми се чини дека е убав примерот со ИЗИС кој врши посдипломска настава, но затоа што успеале не само тука во регионот, туку и во светот, луѓето кои работат таму да ги докажат своите научни способности или научно истражувачки способности. Сметам дека на Република Македонија, институт каков што е ИЗИС е гордост и Институт кој врши промоција на нашата држава врз основа на научно -истражувачка дејнсот. Камо среќа во Македонија да има повеќе такви. Има, не велам дека нема. Но, во еден од водечките, кои ќе можат тоа да го вршат.

До колку Институтот, како што е на пример ИЗИС, како што е на пример ИЗИС, пројави интерес за додипломска настава, тој би требал навистина да се вклопи во Универзитетот, да се акредитира, се однесува и на истите други и таков институт не може да не добие акредитација и за додипломска настава, до колку имаат интерес тоа да го прават. На тој принцип сметам дека треба да бидат организирани и сите други и на тој принцип треба да се чита овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Кратко би кажала по однос на амандманот за кој дебатираме подолго време.

Јас, исто така сметам дека може научен институт да врши студии од втор и трет циклус, во рамките на научната област за која е основан. Не гледам причини да не може, бидејќи овде станува збор за формално правната страна. Ако научниот институт е во рамки на Универзитетот, велиме дека може да врши втор и трет циклус студии. Ако не е во рамки на Универзитетот велиме не

може. Значи, станува збор за чисто формално правен аспект.

Понатаму, за да се формира научен институт секако дека треба да бидат исполнети условите и одредбите согласно Законот за високо образование. Штом тие се исполнети зошто да не се формира научен институт, да не се дозволи на тој институт кој е акредитиран за соодветната област да ги врши тие дејности. Ако сакате ќе бидам уште поконкретна, бидејќи во говорот на пратеникот Герамитчиоски слушнав дека тој е застапник за одржување на студии од втор и трет циклус, од страна на МАНУ, јас тогаш би рекла, што ќе се случи ако неколку редовни професори, академици, членови на МАНУ, формираат научен институт согласно законот. Тоа значи дека тие ако се членови на МАНУ, во состав на МАНУ можат да вршат втор и трет циклус студии, меѓутоа истите тие професори ако се издвојат и формираат научен институт, не може да вршат студии од втор и трет циклус. Значи, повторно сакам да кажам дека станува збор само за формално правен аспект, а суштината е таа дека може, биејќи станува збор за луѓе кои се акредитирани да вршат такви дејности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Сулејмани имате збор.

**Фадил Сулејмани:** Благодарам претседателе.

Ние денес живееме во време на универзитети во време на образование, култура, уметност, го доживуваме системот на приватизација каде можностите се многу поголеми. Истовремено и според Болоњската декларација да се отворат високо образовни установи и во вид на факултети и научни институти. Нема вистински Универзитет доколку тој нема свој соодветен институт. Затоа не треба да се плашиме да има и факултети кои би функционирале како приватни и државни и тоа на независен начин, исто така и институти. Треба да го имаме и предвид фактот во однос на соработката меѓу разни универзитети надвор од земјата и внатре, меѓу факултети и институти. Потоа треба да го имаме и предвид и тоа дека денес сме во понапредно време во однос на образованието, науката и културата. Се работи за профилизирана настава со разни економски, јазични и уметнички науки каде се бара и стручен научно наставен кадар од потесен профил и со интердисциплинарни науки. На тој начин и институтот може да се стави во функција на организација и предавање на втор и трет циклус на настава и во соработка со факултетот успешно да ги извршува овие студии, интедисциплинарни студии со разни профили со потребен научен стручен карактер и да органицира магистериум, докторатури и професорите да можат да бидат не само тој институт туку да бидат и од разни факултети од земјата или од надвор. Сето тоа е во интерес на растот односно зголемувањето на кадарот, а посебно во нашата земја каде се уште имаме голема потреба од стручно научен кадар.

Уште еднаш ќе нагалсам дека во оваа насока не треба да се плашиме, да бидеме параноични, но треба да ги отвориме патиштата од Болоњската декларација и истите да не ги попречуваме, да одиме паралелно со другите светски народи се во интерес на образованието и зголемување на нашиот стручен кадар од кои имаме голема потреба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат, бидејќи ќе гласаме.

Во салата имаме 62 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 18, воздржан 1, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Би сакал внимателно да ме слушаат колешките Поповска и Секуловска.

Имено, читајте го овој амандман и ќе видите која биле мојата заложба. Јас само од претходниот амандман ја отворив дилемата зошто не дозволуваат приватни факултети, а дозволуваат приватни начини институции кои ќе вршат високообразовна дејност. Сега на овој пасус го додавам, освен научен институт кој не е во состав на Универзитетот и научна установа да може да врши, се разбира која е акредитирана, од втор и од трет циклус. Научна установа во Република Македонија е МАНУ.

Јас овде го поставувам прашањето, ако не може академиците да вршат втор и трет циклус на постдипломски и докторски студии, јавно ве прашувам кој ќе може во Република Македонија тоа да го врши. Еве ви го амандманот, гласајте го. Значи, со амандманот се дава можност и МАНУ да може да организира втор и трет циклус на студии.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Јаневска имате збор.

**Весна Јаневска:** МАНУ и вршеше настава од втор и трет циклус и оттаму имаме и магистри и

доктори и тие се вклучени во Универзитетот и се покажаа како исклучително добри стручњаци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Божиновска имате збор.

**Валентина Божиновска:** Јас не знам, можеби госпоѓа Јаневска повеќе знае, не се сеќавам дека држеле студии за докторати во МАНУ, мислам дека до сега вакви студии немало, но тие примале во своите, еве да речеме госпоѓа Катица Ќулавкова ќе ја земам како еден добар репрезент во МАНУ. Зошто го говорам тоа, затоа што професор д-р Катица Ќулавкова предава и на Филолошки факултет, меѓутоа на нејзината катедра што ја држи во МАНУ до сега не можела. Ниту професор Цветан Грозданов не можел, ниту професор д-р Евремов не можел да држи. Зошто една таква институција која пак е опскрбена со соработници и бара од другите факултети соработници, да не може да држи студии од трета област. Значи, апсолутно се согласувам со предлогот на господинот Тале Герамитчиоски. Ако МАНУ е највисоката институција и ако академиците не можат да направат трет степен на студии, тогаш кој би можел да прави? Затоа ќе гласам за, бидејќи нема атмосфера, не гледам дека дискутирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господин претседателе.

Мислам дека овој амандман на господинот Тале Герамитчиоски е во ред. Јас ќе гласам за него. Мислам дека е сосема логично да можат да вршат настава и академиците од МАНУ бидејќи ги имаат титулите, го имаат искуството. Најголем дел од нив веќе поминале низ наставни звања и ми звучи сосем логично. Јас ќе гласам за.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека кога дебатираме за амандманите, колку токлу треба и да се слушаме, бидејќи тоа е многу сериозна област, иако има некоја која не е сериозна.

Најголем број од пратениците овде се согласуваат со тоа, барем оние кои било кога во животот имале некоја допирна точка со научноистражувачката работа.

Јас сум изненадена зошто министерот не го прифати овој амандман кој немаше ниту едно објаснување зошто не го прифаќа, ниту да наведе некој аргумент, поради кој нема да биде прифатен овој амандман.

Имено, сакам да дадам подршка и со аргументи дека секаде или во најголем број земји во светот Академиите на наука имаат право да имаат, до колку ги исполнуваат условите, а не гледам зошто и не би ги исполнувале, високообразовна дејност од втор и трет степен студии. Не знам сега што беше проблемот што министерот тоа не го прифати. Во најголем број земји и научните институти, како што се нашите до сега пет, национални, како што ги нарекуваме, институти, сега се шест, односно седум, значи со тенденција да бидат седум, се во рамките на Академијата на науките. Сега да не ви ги кажувам, такви се примерите на полската Академија на науките, бугарската, хрватската и на не ги набројувам другите, каде се во светот имаме такви примери, каде институтите се во рамките и тука може да се врши, покрај научноистражувачката дејност, може да вршат и студиум од втор и трет степен. Освен тоа ние имаме примери каде скоро сите академици кои во моментот се во МАНУ, тие се ментори или на постдипломски студии, или на докторски студии. Ако тие веќе се ментори, тие го имаат сето потребно знаење што треба да му го пренесат на еден иден магистар или на еден доктор на науки. Бидејќи тие да можат во рамките на МАНУ да го направат тоа, што прават тие? Тие се принудени одреден студент, магистар или докторат, се запише на институтот, условно сега, да не бидам погрешно сфатена што ќе го цитирам Институтот за национална историја и при тоа да има ментор кој е академик, а не е ниту вработен, ниту претставува дел од Институтот за национална историја и други институти кои можат да вршат високообразовна дејност во рамките на магистериумите и докторските студии.

Амандманот е многу логичен. Тоа и сега се случува. Значи, сега се случува, но ви реков како се решава проблемот. Скоро најголем број од академиците се ментори. Некои беа спомнати овде, беше спомнат и почитуваниот досегашен претседател на Академијата, професорот Цветан Грозданов кој беше ментор и на докторанти и на постдипломски студии од каде ни излегоа многу квалитетни магистри и доктори на науки, исто и со професорот Ефремов, со покојната академик професор Блага Алексова и да не набројувам понатаму. Сите тие фактички и досега го правеа тоа, но зошто да не биде во рамките на МАНУ, туку да треба да бидат ментори и студентите, докторантите и постдипломците, поготово докторантите, сега преку некој друг институт, уште еднаш ќе го спомнам Институтот за национална историја да ги бараат овие ментори. Многу се поедноставува работата. Имаме случаи и во светот и јас се надевам и колегата Цветко Грозданов кој во моментот не ме слуша, затоа што оваа тема не е многу значајна за неговата предизборна кампања за локалните избори, дека ќе даде подршка на овој амандман. Значи очекувам дека ќе добиеме подршка од колегите од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Секуловска, реплика или збор? (Збор)

Повелете имате збор.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе.

Колеги пратеници јас се јавувам бидејќи бев на некој начин и прозвана од мојот почитуван колега

професор Герамитчиоски, меѓутоа, јас ќе се дообјаснам, бидејќи претходно зборував по претходниот амандман и сакам да бидам точно разбрана.

Јас реков дека ако некој од академиците што се членови на МАНУ одлучат да формираат согласно критериумите за формирње на научен институт и да се занимаваат со втор и трет циклус на студии според мене тоа е во ред. Тој научен институт да не е член на Универзитетот, меѓутоа,

Втори, би сакала да кажам дека голем дел од членовите на МАНУ на Република Македонија активно се вклучени во втор и трет циклус на студии во рамки на универзитетите, меѓутоа, МАНУ како МАНУ, како установа јас сметам дека не може да се занимава со втор и трет циклус на студии бидејќи МАНУ е формирана и создадена за нешто повисоко, за нешто повеќе од она што значи втор и трет степен на студии.

Од таа гледна точка, од тој аспект јас сметам дека МАНУ има многу посуфицитирани, повисоки активности и дејности отколку она ниво што се однесува и што значи ниво втор и трет степен на студии. Затоа, сметам дека МАНУ не може да се занимава со втор и трет степен на студии. Мислам дека е девалвирање за МАНУ да се занимава со втор и трет степен на студии. Како МАНУ, како научна установа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, дали има реплики?

Повелете госпоѓа Роза Топузова Каревска, вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Јас не би се согласила со еден аспект на почитуваната колешка, која што и самата е професор и ја познава оваа материја. Го ценам и респектирам нејзиното мислење, но во однос на МАНУ не се согласувам со тоа дека навистина нема нешто повозвишено од тоа своето знаење, покрај тоа што академиците се занимаваат со научно истражувачка дејност, своето знаење да го пренессат на оние кои што сакаат понатаму да се занимаваат со наука од областа која што тие најдобро ја познаваат.

Значи, според мене тоа е највозвишената работа. Знаењето не само вонауката, туку воопшто и во животот, кога е во прашање и занаетот, нема нешто повозвишено отколку своето знаење да му го пренесеш на друг и тој да биде, да го надградува она што му е дадено и да биде подобар од тој кој што бил негов ментор за време на магистериумот или докторатот.

Значи, не гледам дека со тоа ќе се девалвираат академиците, туку напротив тоа е една многу добра работа, знаењето кое што го имаат постигнато, затоа што некои од нив и се надградуваат и откога ќе завршат со својата надградна дејност на универзитетите да можат да го пренесат на постдипломците и на докторантите.

Од тој аспект мислам дека ова е доволно образложение да се даде поддршка на амандманот. Гледам дека се јавуваат повеќе пратеници од различни пратенички групи и ќе можеме да го изгласаме амандманот, затоа што во никој случај не и се нанесува штета на науката и на високо образовната дејност, туку напротив со ова само се добива во квалитет.

Јас се извинувам почитуван претседателе, но навистина веќе не можеме да се надвикуваме, особено кога говориме за МАНУ, говориме за високо образовни институции, зборуваме за научно истражувачка дејност, докторати и магистериум, и овде да треба да се надвикуваме како да се наоѓаме на митинг.

Јас би замолила барем за минимум достојно почитување на говорникот, затоа што навистина немаме сила и капацитет на белите дробови да се надвикуваме со другите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Ѓорѓи Оровчанец има реплика три минути, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Атмосферата ни е нешто пожестока отколку што е во Академијата, меѓутоа тоа не значи дека нема да стигнеме и до добро решение за Академијата.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам докторе, јас неколку пати повикувам преку ѕвончето за поголема дисциплина. Вие знаете тоа што значи и ве повикувам уште еднаш на она што во Вилтон Парк го научивме - еден глас во просторијата, не многу гласови.

Повелете господине Оровчанец, имате реплика три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Репликата е во прилог на поддршка на овој амандман и негација на она што колешката Мирјана Секуловска го изрази како свој став. Во ред, може да биде нејзин став но како мислење мислам дека не е адекватно.

Во кој смисол не е адекватно?

Мора да тргнеме од основната премиса дека МАНУ е врв на научна установа во Република Македонија. Критериумите за да некој стане академик се врвни критериуми и максимален филтер за членство во оваа научна врвна установа. Според тоа кадарот кој што таму е присутен и го претставува на некој начин сублиматот на паметот, умот, и мудроста на оваа земја, да го исклучиме од образовен процес по мене е грев. Затоа што можеме само како земја да добиеме многу повеќе од сите тие искуства, знаења и меѓу другото образовни искуства кои што овие луѓе ги имале.

Од тие причини сметам дека е непримерно да не се прифати овој аманман и ги замолувам сите пратеници со своето гласање да овозможат на МАНУ да се занимава меѓу другото и со образовната дејност, затоа што тие луѓе таму меѓу другото најдобро знаат тоа да го прават.

Објаснувањето дека некои се присутни на катедрите е точно, меѓутоа голем дел од нив веќе се луѓе во години кои што не се присутни на катедрите и мислам дека не треба поради тоа да бидат ислучени од овој едукативен процес, врвен кој што е потребен на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Секуловска контра реплика имате, така ли. (Да)

Повелете контра реплика една минута.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам.

Јас исто така сметам дека во МАНУ се врвните интелектуалци, не случајно ја добиле титулата академици, меѓутоа јас кажав дека тие редовни професори, академици и кои што не се редовни професори добиле титула академик по соодветни заслуги на некој начин се вклучени директно или индиректно во процесите на вториот и третиот циклус на студии, меѓутоа јас ќе повторам уште еднаш.

Установата како установа, како правен субјект, како научна установа МАНУ сметам дека не може да се занимава со нешто што е за нејзе надминато во смисла дека таа се занимава со уште повисоки активности од областа на науката и уметностите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Јаневска барате збор или реплика имате. (Збор)

Реплика има госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам драг претседателе.

Значи, мислам дека двајца професори од академиците, тоа е професор доктор Катица Ќулавкова и професор доктор Ефремов и Владо Серафимов кои се професори кои можат на факултетите да држат докторски студии.

Јас би го конкретизирала предлогот на господинот Тале Герамитчиоски, навистина оваа највисока реномирана институција, научна институција да може да држи докторат. Зошто?

Академик Маџунков, академик Гане Тодоровски, академик Катица Ќулавкова не можат да одат на факултетите, но простете да не можеме за македонските кованици да докторираат кај професор доктор Гане Тодоровски, навистина може би е срамно да не се појави еден таков докторант, или на симболиката на Маџунков која ја има.

Сакам да кажам дека ние со овој амандман ќе помогнеме да не ги предизвикаме тие да мораат докторати. Ако сакаат и ако се акредитираат за такво нешто, да можат, но тоа не подразбира дека утре нивните институти веднаш ќе побараат на катедрите кои ги држат да има докторати. Значи, им ја даваме можноста да можат да бидат ментори на тригодишните студии согласно новиот закон за идни докторски студии. Значи, не велиме ние императив мораат, туку велиме можат, за да утреден навистина некој докторира, па и кај, особено кај Радован Павловски кој беше во последната гарнитура на академици итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Јашари повелете со својот збор.

Се извинувам господине Јашари, процедурална интервенција има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Согласно одредбите од Деловникот во името на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз заради итни и неодложни активности кои што ги имаме во моментот би побарал половина час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Имате право да ја побарате паузата.

Објавувам прекин од половина час, но заради практични причини би предложил бидејќи прекинот од половина час ќе се заврши во 13,45 часот, а во 14,00 часот почнува паузата за ручек, предлагам овој прекин што го побара Социјалдемократскиот сојуз да се спои со прекинот за ручек, а да продолжиме во 14,45 часот.

Сите прекини се одобрени, се е по мерка.

(Реакција на пратеникот Ѓорѓи Оровчанец)

Повелете господин Оровчанец кажете.

(господинот Оровчанец зборува од место - па имаме закажано активности до 15,00 часот, сметајќи на паузата)

Се работи за 15 минути разлика, и онака нема да дојде никој во 15,00 часот

(Пауза од 13,15 часот)

6

(По паузата седницата продолжи во 15,01 часот)

**Благој Зашов:** Господа пратеници, продолжуваме со расправата.

За збор се јави господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Накратко сакам и јас да го кажам моето мислење во однос на предложениот амандман. Уште на почетокот ќе истакнам дека сум против овој амандман поради една многу едноставна причина. Доколку се анализира работата на Академијата на науките и уметностите, посебно Законот за основањето на истата, закон со кој се уредува областа на делување на оваа академија, ќе дојдеме до ситуација дека целта на Академијата не е таа која се преферира со предложениот амандман.

Второ, сакам да истакнам уште една друга причина зошто сум против тој предложен амандман.

Затоа што доколку внимателно се анализира класификацијата на студиските дејности, што е направено од УНЕСКО, што се признава како РЦТО, ќе дојдеме до констатација дека некоја дејност која што е во однос на развојот на образованието и овие што се во однос на науката се поделени, меѓутоа се класифицирани со шифри или разни именувања.

Затоа, имајќи ја предвид мојата тенденција да бидам начелен, принципиелен, со предлозите кои се нудат тука во однос на текстот или предложените амандмани, уште еднаш ќе истакнам дека нема да го поддржам предложениот амандман.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Јашари.

За збор се има пријавено и госпоѓа Весна Јаневска, но не ја гледам овде.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги поканувам пратениците кои се во околните сали да влезат во главната сала како би можеле да гласаат.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат како би можеле да ја констатираме состојбата со бројот.

Молам, службите да пребројат колку пратеници се присутни во салата.

Со оглед на констатацијата дека во салата нема доволен број на пратеници за да продолжиме нормално со работа, овде ја заклучувам седницата.

Ќе продолжиме во понеделник по истиот дневен ред. Благодарам.

(Седницата прекина во 15,45 часот)